Министерот за култура Асаф Адеми во текот на вчерашниот ден престојуваше во работна посета на Битола каде што оствари средби со директорите на националните установи од областа на културата во овој град...



Во рамките на посетата, министерот за култура се запозна со проектите што се реализираат со поддршка од Министерството за култура во институциите кои функционираат на територијата на Општина Битола, и тоа: Народниот театар, Центарот за култура, Заводот за заштита на спомениците и музеј, Музејот на албанската азбука, како и Универзитетската библиотека „Свети Климент Охридски“. Министерот за култура во Битола оствари средба и со претседателот на Република Албанија Илир Мета, кој беше гостин на свеченоста по повод чествувањето на 110-годишнината од создавањето на албанската азбука.

Министерот Адеми оствари и работна средба со ефенди Амит Расими од битолското муфтивство, а во попладневните часови, присуствуваше и на културно-уметничката манифестација „Битола слави 110 години“, организирана од ЗРКУ „Конгресот на азбуката“–Битола во соработка со националната установа „Музеј на албанската азбука“.


КУЛТУРА